МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Согласно член 9 - б став 2 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14 и 158/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕН ПРЕГЛЕД И НАЧИНОТ НА ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ НА ТУТУН НАД КОИ СЕ ВРШИ ФИТОСАНИТАРЕН МОНИТОРИНГ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на здравствен преглед и начинот на земање на примероци на тутун над кои се врши фитосанитарен мониторинг.

## Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

„Примерок" е мало количество на растенија кое е земено на соодветен начин и ја претставува содржината на целокупниот растителен материјал кој е предмет на лабораториска анализа.

„Лот (партија)" е определен број или количество од една иста сорта, класа и/ или производител, која е идентификувана по својата хомогеност и потекло или е донесена од иста парцела.

„Пратка" е количество на растенија, растителни или други производи наведени во документ, потребен за вршење на царински или други административни контроли, за добивање на фитосанитарен сертификат или друг алтернативен документ или ознака. Пратката може да биде составена од еден или од повеќе лотови (партии).

„Начинот на спроведување на здравствен преглед“ подразбира редовно вршење на визуелни прегледи во одредени фенофази на развој на тутунот при производство, при складирање и увоз, со што се следи присуството, односно отсуството на штетните организми или нивните симптоми.

„Начинот на земање на примероци“ подразбира подготовка на растителните делови од тутун за испраќање на лабораториска анализа во Државната фитосанитарна лабораторија или други овластени лаборатории.

**Член 3**

Здравствениот преглед на тутун се врши на:

- местата на производство,

- местата на увоз и

- местата на складирање и дистрибуција.

За секој извршен здравствен преглед на тутун на местата на производство, местата на увоз и местата на складирање и дистрибуција се составува записник согласно Правилникот за временски периоди и начинот на вршење на фитосанитарна инспекција на растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во Листа V дел А секција 1 и Листа V дел А секција 2. (*1)

**Член 4**

Времето на вршење на визуелни прегледи на тутунот се одредува врз основа на животниот циклус на штетните организми, нивната биологија и патологија, како и фенофазите на развој на растението домаќин.

За откривање на штетни организми на тутунот, фитосанитарниот мониторинг се спроведува на целата територија на Република Македонија.

**Член 5**

За утврдување на присуството на штетни организми кај тутунот во леите, на расадениот тутун на постојано место (нива), тутунот кој е складиран во складиштата како суровина за натамошна

манипулација и преработка, како и пратките од тутун при увоз, при визуелниот преглед се следи дали има присуство, односно отсуство на симптоми од следните штетни организми:

- пламеница на тутунот - Peronospora tabacina Adam;

- тутунски молец или тутунов пламенец - Ephestia eluetella Hub и

- тутунска буба - Lasioderma serricorne F.

Биологијата, симптомите, оштетувањата и морфологијата на штетните организми кои се предмет на фитосанитарниот мониторинг на тутун се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 6**

Здравствен преглед на тутунот за утврдување на присуството на Peronospora tabacina Adam се врши во периодот од поникнување во леите, расадувањето на тутунот на постојано место (нива), па се до крајот на вегетацијата. Во текот на спроведување на прегледот се следи појавата, односно присуството на карактеристични симптоми од причинителот на пламеницата на тутунот – Peronospora tabacina Adam.

Здравствениот преглед треба да се спроведува во целиот период на вегетација, почнувајќи од поникнување во леите, расадување на тутунот и се до крајот на вегетацијата. Најповолно време за вршење на здравствените прегледи на тутунот се месеците мај и јуни, имајќи во предвид дека во тој период владеат погодни услови за развој на патогенот.

Во текот на вегетацијата се вршат неколку здравствени прегледи на лисјата од тутун преку визуелен преглед заради утврдување на симптомите кои се јавуваат на нивната опачина.

**Член 7**

При спроведување на здравствен преглед на тутунот се следи присуството на карактеристични симптоми кои ги причинува штетниот организам Peronospora tabacina Adam на најмалку:

- сите растенија (на парцели со помалку од 100 растенија тутун);

- 20 % од вкупниот број на растенија од парцелата која се прегледува (на парцели со 100 до 1000 растенија тутун);

- 15 % од вкупниот број на растенија од парцелата која се прегледува (на парцели со 1000 до 10000 растенија тутун) и

- 10 % од вкупниот број на растенија од парцелата која се прегледува (на парцели со повеќе од 10000 растенија тутун).

Во текот на спроведување на здравствениот преглед на тутунот, визуелно се следи присуството на карактеристични симптоми на пламеницата, прегледувајќи го минималниот број на предвидени растенија, при што фитосанитарниот инспектор се движи дијагонално или во облик на буквата Г, од едниот до другиот крај на парцелата или се движи според шемите дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 8**

Симптомите кои ја идентификуваат пламеницата на тутунот - Peronospora tabacina Adam, се јавуваат на лисјата на тутун и тоа:

- на лицето на листот се јавуваат крупни, хлоротични (жолтеникави) дамки кои подоцна некротираат и добиваат црвено-кафеава боја и

- на опачината од листот, при влажни услови, во внатрешноста на дамките се образува синкасто-виолетова превлака, сочинета од репродуктивните органи на паразитот.

Примерокот земен за лабораториска анализа за утврдување на присуството на Peronospora tabacina Adam се состои од лисја на тутун и истиот се праќа на лабораториска анализа со која треба да се утврди присуството на овој патоген.

Земањето на примероци за лабораториска анализа се врши исклучиво во случај на сомневање дека постои зараза, односно при присуство на карактеристични симптоми на патогенот.

**Член 9**

Пакувањето и испраќањето на примероците за анализа на Peronospora tabacina Adam до лабораторијата се врши на следниот начин:

1. Секој примерок неопходно е да се стави во полиетиленска кеса, која треба добро да се затвори (пломбира) и во најкус можен рок да се достави до лабораторијата и

2. Доколку не постои можност за доставување на примерокот во текот на истиот ден, во полиетиленските кеси заедно со примерокот треба да се стави парче наводенета хартија или памук, потоа да се затвори кесата и да се чува во ладилник на температура од 4 - 10°C, се до моментот на доставување на примерокот во лабораторија (во рок од 24 часа).

Примероците кои се земени од различни парцели треба да бидат одвоени, уредно означени и придружени со записник.

**Член 10**

Утврдување на присуството на штетните организми Ephestia elutella Hub и Lasioderma serricorne F. во складиштата на тутун се врши на следниот начин:

- визуелно се вршат здравствени прегледи на складираниот тутун и складишниот простор и

- визуелно се врши преглед на светлосни, феромонски или феромонско-хранителни мамци (доколку такви има поставено во складиштето).

При спроведување на здравствен преглед на складираниот тутун за утврдување на присуство на карактеристичните оштетувања од тутуновиот пламенец - Ephestia elutella Hub се прегледуваат тутунот, тутунските бали или тутунските пакувања, како и присуство на јајца, ларви и кукли, а исто така се врши и преглед на саргиите, ѕидовите, подовите и таваните каде е можно присуството на кукли, ларви и имага од истиот.

При спроведување на здравствен преглед на складираниот тутун за утврдување на присуство на карактеристичните оштетувања од Lasioderma serricorne F се прегледуваат тутунот, тутунските бали или тутунските пакувања, тутунските производи како и нивната амбалажа, како и присуство на јајца, ларви, кукли и преглед на ѕидовите, подовите, прозорците (роеви на имага навечер), таваните и помеѓу тонга-балите или пакувањата каде што се утврдува присуството на имага од истиот.

Од лотовите (партиите) складирани во складишта на три до пет места дијагонално се земаат цели кутии со тутун. Се отвараат кутиите, односно саргиите и се прегледува дали има некои симптоми за присуство на штетните организми. Со стерилен остар нож и ракавици се сече парче со димензии 30x40 см (кај картони), додека кај саргиите со рака се вади парче од тутун. Парчето треба да има дебелина 5-7 см. Примерокот се пакува во полиетиленска кеса и истиот се доставува во лабораторија за анализа.

При откривање на карактеристични оштетувања или единки од штетните организми од став 1 на овој член, истите се пакуваат во полиетиленски кеси, се затвораат и примероците се испраќаат во лабораторија за анализа.

Со цел утврдување на фактичката состојба за присуство на штетните организми од став 1 на овој член, во складиштето потребно е да се употреби една феромонска мамка на секои 70 метри квадратни површина, односно една мамка која покрива зафатнина од околу 700 метри кубни од складиштето.

**Член 11**

Здравствен преглед при увоз на тутун се врши на регуларните гранични премини, согласно Одлуката за определување на местата на влез на кои ќе се врши фитосанитарна инспекција.

При увоз на ферментирана и манипулирана тутунска суровина здравствениот преглед и земањето на примерок се врши на начин утврден во член 10 став 4 од овој правилник.

**Член 12**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „ Службен весник на Република Македонија“.

Бр.17-
44/2 Министер
за земјоделство,

4 февруари 2015
година шумарство и
водостопанство,

Скопје м-
р Михаил Цветков, с.р.

Прилог 1

# ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ШТЕТНИТЕ ОРГАНИЗМИ

## 1. Причинител на пламеница на тутунот - PERONOSPORA TABACINA Adam

### 1.1. Биологија

Паразитот се одржува во растителните остатоци од тутунот, самоникнатите растенија од тутун и дивите видови од родот Nicotiana, во вид на мицелија, конидии или ооспори. Заразите од трајните спори – ооспори се ретки. Главните зарази настануваат од конидиите, кои имаат способност да се пренесуваат на поголеми растојанија и притоа да ја задржат виталноста. Заразениот расад е основен извор на инокулум на пламеницата на поле. Оптимални услови за развој на пламеницата се висока влажност на воздухот, проследена со дневни температури од околу 21°C и ноќни температури околу 10°C. После првата појава на пламеницата задолжително се следи развојот и ширењето на патогенот и по потреба се преземаат соодветни мерки за заштита.

### 1.2. Морфологија

Peronospora tabacina Adam е облигатен паразит, односно се развива само во живи ткаеници. Мицелијата на паразитот е интерцелуларна, односно се развива во меѓуклеточните простори во растителните ткива (лисјата). Се храни со помош на хаустории, кои навлегуваат во клетките од домаќинот. При влажни услови, на опачината од листот, низ стомините отвори излегуваат дихотомно разгранети конидиофори, кои на врвовите завршуваат со по две стеригми (дршки) на кои се формира по една конидија. Конидиите се безбојни со лимонеста форма. Во заразените растителни остатоци од тутунот се формираат трајните спори – ооспори. Ооспорите имаат задебелени ѕидови, тркалезна форма и светложолта до кафеава боја.

### 1.3. Симптоми

Пламеницата може да ги нападне речиси сите зелени делови од тутунот, но најчесто се нападнати само лисјата. Симптомите варираат во зависност од времето на инфекција, осетливоста на сортата, временските услови и сл. Растенијата можат да бидат заразени во текот на целата вегетација, односно од поникнувањето па се до бербата.

Симптоми на расадот од тутун

Заразените тукушто никнати растенија во леите пожолтуваат и заостануваат во порастот, а при влажни услови целосно угинуваат. При подоцни зарази во леите, по лисјата се јавуваат жолтеникави дамки, лисјата се благо свиткани кон опачината, а при влажни услови од опачината се прекриени со синкасто-виолетова превлака, сочинета од конидиофори и конидии на паразитот.

Симптоми на расаден тутун на поле

Од лицето на листот се јавуваат крупни, хлоротични (жолтеникави) дамки со нејасно ограничени рабови. Дамките меѓу себе може да се спојат и да ја зафатат речиси целата површина на листот. Големината на дамките може да варира од неколку милиметри па до 2,5 сантиметри во пречник. Од опачината на листот, при влажни услови, во рамките на дамките се образува синкасто-виолетова превлака, сочинета од репродуктивните органи на паразитот (конидиофори со конидии). Подоцна, ткивото во рамките на дамките некротира и добива црвено-кафеава боја.

При поволни услови паразитот може да навлезе во сите органи на растението, што претставува системична зараза. Таквото растение е прошарано со дамки, закржлавено, а како резултат на инфицираната нерватура, лисјата се набрани и деформирани. При системична зараза често пати не доаѓа до фруктификација на габата.

## 2. Тутунски молец или тутунов пламенец - EPHESTIA ELUTELLA Hub

Име: Ephestia elutella Hub

Систематика: Lepidoptera фамилија: Pyralidae

### 2.1. Биологија

Во складиштата во топлите краеви како и во складиштата кои се загреваат преку целата година се наоѓаат скоро сите развојни стадиуми на тутунскиот молец - Ephestia elutella Hub. Во Република Македонија во незагреаните складишта од тутунскиот молец има 2-3 генерации годишно. Овој штетен организам најчесто презимува во стадиум на ларва. Возрасните ларви презимуваат во тутунските бали, во амбалажите, скриени во отворите на прозорците, во разни пукнатини на ѕидовите, подот и други скришни места во складиштата. Гасениците преминуваат во стадиумот кукла во текот на месец април. Кон крајот на април или почетокот на мај во складиштата се јавуваат првите пеперутки. Женката ги полага јајцата без ред, поединечно или во мали групи на тутунските лисја, балите од тутун или на амбалажниот материјал. Кога се намножени, пеперутките се гледаат како неподвижно стојат по ѕидовите и таваните во складиштата. Доколку истите се вознемират прелетуваат на кратки растојанија и повторно се

смируваат. Ембрионалниот развој во зависност од температурата се одвива во период од 3 до 17 дена. Веднаш по пилењето, гасеницата се исхранува со лисјата тутун. Стадиумот на гасеница најчесто се одвива за 50 - 60 дена и во тој долг период таа нанесува значајни оштетувања. Пред да се претвори во кукла, гасеницата испредува нежен, свиленкаст, белузлав кокон. Коконот може да се најде на разни места во складиштата, обично на саргиите со кои се завиткани балите тутун, во балата или надвор од неа.

## 2.2. Морфологија

Имагата на Ephestia elutella Hub се ситни пеперутки со сивокафеава боја, со должина на телото од 10 mm, а распонот на крилјата изнесува околу 14 - 16 mm. Предните крилја се нешто потемни и потесни од задните крилја, имаат триаголна продолжена форма и карактеристични шари. На нив се наоѓаат посветли брановидни попречни пруги со темни рабови. Задните крилја се речиси триаголни. Тие се еднобојни, светлосиви, порабени со долги ресички со темнокафеава боја. Јајцата имаат елиптична форма, со должина од 0,4 до 0,6 mm. Надворешната опна е мека. При полагањето се жолтеникаво-валканобели, а подоцна добиваат потемна боја. Бојата на телото на младите гасеници може да биде бледо жолтеникава или розева, а телото е покриено со ретки влакненца. Главата и вратниот штит се кафеави. Тие се полиподни, имаат 3 пара градни и 5 пара стомачни нозе. Во текот на својот живот гасениците се преслекуваат 5 пати. Кога ќе пораснат, гасениците стануваат валканобели, сивкасти, понекогаш кафеави или црвенкасти. По должината на дорзалната и бочните страни на телото, се наоѓаат црни точки во четири реда (скоро на секој сегмент по една) од кои излегува по едно нежно влакненце. Должината на возрасната ларва е 9-12 mm. Кулата е покриена, кукла мумија и во почетокот е светлокафена, а подоцна се менува и пред еклозијата на пеперутката станува потемна, речиси црна.

## 2.3. Оштетување

Тутунскиот молец предизвикува штети на тутунот исклучиво во стадиумот ларва. Многу често го напаѓа и оштетува тутунот уште пред манипулацијата, т.е. во времето кога е закачен на пети кај производителите, од каде што се пренесува преку балите во складиштата или заразата се врши во складиштата (од остатоците, при мешање на тутуните од разни реколти и др.). Тутунскиот молец не ги напаѓа готовите тутунски производи. Гасениците нагризуваат првенствено меѓу нервите, а подоцна прегризуваат цели делови од исушениот тутун, оставајќи ја само лисната нерватура. Силно нападнатиот тутун изгледа како тантела. Во силно заразените складишта можат да се најдат тутунски бали завиткани целосно со пајажина испредена од гасениците, пред нивното преминување во стадиум кукла. Гасениците се хранат со сувите лисја тутун, го скелетираат листот, а при посилен напад останува само главниот нерв. Кај тутунот кој е спакуван во бали, гасениците дупчат ходник во нив хранејќи се со тутунот. Ходниците во

најголем дел се наоѓаат на површината од балата и не навлегуваат длабоко во неа. Нападнатите листови ги замотуваат со свиленкасти конци, а во внатрешноста се наоѓа црн зрнест измет, екскременти, како и остатоци од преслекувањето.

Сузбивањето во складиштата се врши со фумигација.

## 3. Тутунска буба, тутунарче - LASIODERMA SERRICCORNE F.

Име: Lasioderma serricorne F.

Систематика: Coleoptera, фамилија: Anobiidae

### 3.1. Биологија

Во складиштата во топлите краеви како и во магициниte кои се загреваат преку целата година се наоѓаат скоро сите стадиуми на развој на Lasioderma serricorne F. Во нашите краеви, во незагреаните складишта Lasioderma serricorne F. презимува во стадиум на ларва. Напролет, презимената ларва формира кокон кој се претвора во кукла. По околу една недела (7-10 дена) се појавува имагото. Новото имаго останува првите три дена во кокон на куклата додека не му зацврстат крилјата. Возрасниот инсект се појавува обично во текот на месеците мај и јуни, односно кога температурите во складиштето за цигари и тутун се над 20 °C. Имагата се многу активни ноќе, лесно летаат и мигрираат од една средина до друга, посебно во време на парење. Јајцата ги полагаат во тутунските бали, тутунските преработки, кутиите за пакување на преработки и сл. Оплодената женка полага јајца прилепувајќи ги на тутунот, по нерватурата на лисјата, или по работ на листовите, додека кај пурите, цигарите и цигаретите женката полага јајца на отворените краеви и на обвивните листови на цигарите. Развојот на ларвата трае од 30 до 70 дена, во зависност од условите на средината, и во тоа време исхранувајќи се со тутунот таа предизвикува економски значајни штети. Кога ларвата ќе го достигне својот потполн развој, се преобразува во кукла сместена во коморичка која ја прави од секрет и тутунска прашина во супстратот каде што се исхранува и таму го минува стадиумот кукла. Ларвите понекогаш прават пат низ картонските кутии и другите пакувања, во потрага по место за куклење. Lasioderma serricorne F. при овие погодни услови се развива и размножува непрекинато, па во исто време се среќаваат јајца, ларви, кукли и возрасни.

### 3.2. Морфологија

Имагата на Lasioderma serricorne F. се тврдокрилци со издолжено-овален облик, должина на телото 2-4 mm, со темноцрвенкаво-костенлива до црвенкавожолта боја. Телото е покриено со фини, ситни влакненца со пепеластосива боја. Главата е вовлечена под предните гради со зголемениот и засводен вратен штит, така што одозгора не се гледа и му дава грбав изглед на инсектот. Антените се долги, сегментирани единаесетчлени, со пилест облик. Имагото има добро развиени крилја. Предниот пар крилја (елитрите) се хитинизирани, а вториот пар крилја се мембранозни, свиткани под елитрите. Елитрите се испупчени во средината по целата должина на грбот и по целата површина се релјефни, со голем број точкести вдлабнатини по нив. Јајцето е овално со големина 0,2 -0,5 mm и поради неговата мала големина, јајцето тешко се утврдува во тутунските бали, а посебно во режениот тутун. По пилењето ларвата е долга 0,55 mm, а на крајот на развојот возрасната ларва достигнува должина од 4 до 5 mm. Ларвата е со валканобела до жолтеникаво бела боја. Бојата на телото ја маскираат многубројните густи жолтокафени влакненца, распоредени по целото тело на ларвата, на кои се лепат тутунска прашина и изметот на инсектите. Ларвата е дебела, набрана, телото е меко, свиткано во средината како полумесечина, што е карактеристично за овој вид на инсекти. Таа е олигоподна, со три пара кратки нозе со бледокафена боја. Главата е хитинизирана, кафена. Куклата во почетокот е белузлава, меѓутоа веднаш по куклењето постепено се менува, така што подоцна ја добива бојата на возрасниот инсект (црвенокафена, костенлива). Куклата е долга околу 2-3 mm. Куклата се наоѓа во полузатворена комора кокон, кој ларвата го прави од секрети, ситни честички на храна, тутун или тутунска прашина и измет.

## 3.3. Оштетување

Lasioderma serricorne F. го напаѓа сувиот тутун во складиштата, го оштетува и загадува со измет, остатоци од преслекувањето и метаморфозата. Необработениот тутун по ферментацијата, во маса или бала, претставува многу поволна средина за размножување на овој штетен организам. Во почетокот го оштетува тутунот правејќи дупчиња кои се помали од оние што ги прави тутунскиот молец. Со текот на развитокот ларвите ги нанесуваат основните штети правејќи ходници со нагризување во тутунот или големите делови од сувите лисја наредени еден врз друг во балите. Кога суровината нападната од тутунската буба подолго време се лагерува, без да се заштити, при отворањето на балите останува само прашина и отпадоци. Најчесто ги напаѓа најдобрите класи на тутун во тонга и јарма балите, т.е. тутунските лисја со поголем процент на растворливи шеќери и добро матурираните, односно постарите тутуни. Нападот на Lasioderma serricorne F е посебно интензивен на квалитетните и ароматичните сорти тутун и прави поголеми штети кај повисоките класи. Неферментиран тутун и тутунот од ниските класи, ларвите го избегнуваат и го напаѓаат многу поретко. Исхранувајќи се со режаниот тутун, го оштетуваат и го загадуваат со изметот, остатоците од преслекувањето и метаморфозата. Видот е значаен не само како штетен организам на сувиот тутун, туку и на тутунските преработки: цигари, цигарети, пури, тутун за џвакање, тутун за луле и бурмут. На цигарите, цигаретите и пурите ја продупчува обвивната хартија, правејќи тркалези отвори, се храни со нивната

содржина и ги оштетува, а воедно и ги загадува со изметот, остатоците од преслекувањето и метаморфозата. Адултите се штетни директно само додека се пилат и кога прават отвори низ кои излегуваат. Кога куклата се наоѓала во цигара, пура или цигарета, при појава на имагото, тоа прави отвор низ кој излегува. Слични оштетувања прави и кај тутунот во бали. Видот се исхранува и со тутунско семе. Сузбивање во складиштата се врши со фумигација.

Прилог 2

Шеми за спроведување на здравствен преглед на тутун на места на производство:




(*1) Правилникот за временски периоди и начинот на вршење на фитосанитарна инспекција на растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во Листа V дел А секција 1 и Листа V дел А секција 2, усогласен со Директивата на Советот бр.2000/29/ЕЗ од 8 мај 2000 за заштитните мерки против воведување во Заедницата на организми штетни за растенијата или растителните производи и против нивното ширење во Заедницата, број 32000L0029; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2001/33/ЕЗ на 8 Мај 2001 година, број 32001L0033; изменета и дополнета со Директивата бр.2002/28/ЕЗ од 19 март 2002 година, број 32002L0028; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2002/36/ЕЗ на 29 април 2002 година, број 32002L0036; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр.2002/89/ЕЗ од 28 ноември 2002 година, број 32002L0089; изменета и дополнета со Директивата бр.2003/22/ЕЗ од 24 март 2003 година, број 2003L0022; изменета и дополнета со Регулативата на Советот (ЕЗ) бр.806/2003 од 14 април 2003 година, број 32003R0806; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2003/47/ЕЗ на 4 јуни 2003 година, број 32003L0047; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2003/116/ЕЗ од

4 декември 2003 година, број 32003L0116; изменета и дополнета со Директивата бр.2004/31/ЕЗ од 17 март 2004 година, број 32004L0031; изменета и дополнета со Директивата бр.2004/70/ЕЗ од 28 април 2004 година, број 32004L0070; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2004/102/ЕЗ на 5 октомври 2004 година, број 32004L0102; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр. 2005/15/ЕЗ од 28 февруари 2005 година,

број 32005L0015;изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2005/16/ЕЗ на 2 март 2005 година, број 32005L0016; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2005/77/ЕЗ од 11 ноември 2005 година, број 32005L0077; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2006/14/ЕЗ од 6 февруари 2006 година, број 32006L0014; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2006/35/ЕЗ од 24 март 2006 година, број 32006L0035; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2007/41/ЕЗ од 28 јуни 2007 година, број 32007L0041; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2008/64/ЕЗ од 27 јуни 2008 година, број 32008 L0064; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата 2008/109/ЕЗ од 28 ноември 2008 година, број 32008L0109; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2009/7/ЕЗ на 10 февруари 2009 година, број 32009L0007; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2009/118/ЕЗ на 9 септември 2009 година, број 32009L0118; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр.2009/143/ЕЗ од 26 ноември 2009 година, број 32009L0143; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2010/1/ЕУ од 8 јануари 2010 година, број 32010L0001.